Врз основа на член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на РМ бр.28/04...61/16), а во врска со член 33 од Статутот, Одлуката на Надзорниот Одбор бр.02-31 од 19.06.2019 година и Одлуката на Управниот Одбор бр.02-33 од 19.06.2019 година, Управниот Одбор на АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС АД Велес, објавува

АД за производство на метални и електромашински производи
П Р О Л У К С
Бр. 02-37
25.06. 2019 год.
В Е Л Е С

# ЈАВЕН ПОВИК
## за учество на годишна седница на Собрание на акционери

АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС Велес свикува годишно Собрание на акционери, кое ќе се одржи на ден 29.07.2019 година (понеделник) со почеток во 12.00 часот во просториите на друштвото на ул.„Васа Кошулчева“ бр.бб, општина Велес.

Управниот одбор на АД предлага Собранието да работи по следниот дневен ред:

Процедурален дел
1. Пријавување и евиденција за присуство на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собранието;
3. Избор на бројач на гласови;

Работен дел
4. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишниот Извештај;
5. Годишна сметка на друштвото и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;
6. Извештај за извршена ревизија од овластен ревизор за 2018 година;
-Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2018 година;
7. Извештај за работата на членовите на Управниот Одбор на Друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на друштвото за 2018 година;
8. Извештај за работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на друштвото за 2018 година;
9. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото собрание на Друштвото е должен да го пријави своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери ќе биде ставен на увид во седиштето на друштвото.

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физички и правно лице како свој полномошник на седница на собранието на Друштвото, кое што ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Секој заинтересиран акционер 8 (осум) дена пред одржувањето на собранието на акционери, може да вклучи точки во дневниот ред на собранието и да предлагаат одлуки, како и да поставуваат прашања до друштвото за точките од дневниот ред на седницата на собранието.

Известувањето, барањата односно доставувањето материјал и друга информација од акционер до друштвото се смета дека е примено:
1) кога е пристигнато во седиштето на друштвото на ул.„Васа Кошулчева“ бр.бб во Велес;
2) кога лично е примено од овластено лице на друштвото, односно од член на органот на управување;
3) кога е примено по електронски пат на следната е-меил адреса: prolukspriiep@gmail.com и
4) со денот наведен во потврдата за предавање препорачана пратка или за испраќање телеграма вклучувајќи ги и случаите на испратена, а не примена и подигната препорачана пратка, односно телеграма.

Материјалите за собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, во стручната служба во просториите на друштвото и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото која е www.proluks.mk.

**Претседател на УПРАВЕН ОДБОР:**

**ДЕЈАНА САМАРЏИОСКА**